РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-870/1
23-02-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од подносителот -------- --------- од с. ---------,---------, Државната комисија за спречување на корупцијата(ДКСК) на продолжението на 46-та седница одржано на ден 19.02.2021 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-5598 од 2019 година, оформен по пријава бр. 12-5598/1 од 11.12.2019 година, доставена од подносителот -------- --------- од с. ---------,----------, , **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-5598 од 2019 година, во предметниот случај веќе е постапено од ДКСК по предмет оформен по пријава со исти предметни наводи која е доставена од истиот подносител .

Предметот со број 12-5598 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-5598 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-5598/1 од 11.12.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот -------- --------- од с. ---------,----------.

Во пријавата се изнесени наводи против лицата ------ ---------- и -------- ----------, поранешен и сегашен директор на гимназијата -------- --------, за нивно неправилно работење и злоупотреба на службена положба и функцијата. Во доставената пријава се наброени неколку наводи, кои подносителот ги наведува по свои сознанија и по наводи што ги слушнал од други лица, за извршени злоупотреби од страна на пријавените лица додека ја вршеле функцијата директор на гимназијата и тоа: злоупотреба на средствата за одржување на гимназијата; неправилна распределба на професорите од едно во друго средно училиште по основ на дополнување на фондот на часови; злоупотреба на средствата од фондот за приватни часови кои ги држеле професорите а парите го добивало училиштето; неправилности при именување на помошник директор; незаконско распоредување на сметководители во школото; толерирање на платено отсуство на професори на кои им се исплатувала плата а отсуството било користено за нивна работа во странство; неправилно пресметување на фондот на часови на сменоводителот; неосновано распоредување на поранешен директор по завршувањето на мандатот на работно место библиотекар во истото училиште кое воопшто не било предвидено како такво и голем долг на училиштето направен за време на нивното директорување.

Доставената пријава е насловена до Јавен обвинител во ------- и во неа се бара да бидат поведени судски постапки против пријавените лица ако се потврдат предметните наводи, а во пријавата е наведено дека истата пријава ќе биде доставена до ДКСК, премиерот и до МВР – полиција.

При разгледувањето на предметниот случај, Државната комисија ги зема во предвид наводите на подносителот и констатира дека од страна на ДКСК веќе е постапено по предмет со исти предметни наводи оформен по идентична пријава која е доставена од страна на истиот подносител -------- --------- од с. ---------,-------Предметот по кој веќе е постапено од страна на ДКСК е заведен под број со број **12-5547 од 2019 година** и бил оформен по пријава бр. 12-5547/1 од 10.12.2019 година, во која се изнесени наводи против лицата ---------- -------- и --------- -----------, поранешен и сегашен директор на гимназијата ------- -----------, за нивно неправилно работење и злоупотреба на службена положба и функцијата. ДКСК на продолжението на 42-та седница одржано на ден 14.12.2020 година, при своето надлежно постапување донесе одлука со која постапката по предметот број 12-5547 од 2019 година, оформен по пријава бр. 12-5547/1 од 10.12.2019 година, доставена од подносителот -------- --------- од с. ---------,----------, СЕ ЗАПИРА, поради тоа што ДКСК утврди дека во предметниот случај се постапува од страна на друг надлежен орган - ОЈО -------- пред кој постапката е се уште во тек, по што ДКСК оцени дека Државната комисија нема елементи за свое натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот, се запира а предметот да се затвори и да се архивира. Одлуката во ДКСК е заведена под архивски број 12-1913/3 од 16.12.2020 година и истата со образложението – во деперсонализирана форма, е објавена на веб страницата на Државната комисија во законски предвидениот рок, а до подносителот на пријавата е доставена Одлуката на ДКСК, со образложението. Врз основа на сето погоре констатирано, ДКСК оцени дека нема елементи за свое натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот се запира, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Доставено до : Архива и Подносител

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц., советник
Одобрил : м-р В.Г ,член на ДКСК